ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2021 07 3/1

Скопје, мај 2022

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 13 |
| **Финансиски извештаи за 2020 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 14 |
| Биланс на состојба | 15 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 16 - 17 |
| Сметководствени политики | 17 - 20 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 21 - 26 |

**Прилог бр.1**

Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Одговор на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

РСМ - Република Северна Македонија

УЈП – Управа за јавни приходи

МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-839/7
Датум: 19.05.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (630), за 2020 година.

Со извршената ревизија, изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија за 2011 година и издаден е Конечен извештај за ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (630), во кој е изразено позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва во делот за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2013 година, извршена е проверка на имплементацијата на дадените препораки презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2011 година на сметката на основен буџет (630) на Општина Пробиштип, при што е констатирано дека од четири препораки две се спроведени, една е делумно спроведена, а една не е спроведена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (630), за 2020 година констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- и покрај донесениот ребаланс на Буџетот за 2020 година постои значително отстапување помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи, при што приходите се остварени со 48,21%, а расходите со 46,66% во однос на планираните;
- за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, Општина Пробиштип нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2020 година до Министерството за транспорт и врски;

- постои не усогласеност на податоците за побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија, помеѓу состојбата искажана во сметководството и евиденцијата во даночното одделение и
- неевидентирање на побарувања по основ на надоместок за легализација на бесправо изградени објекти.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата извести за судските спорови во кои општината е тужена странка, а во една од постапките се јавува како тужител.

Во останати прашања, ревизијата ги истакнува состојбите во врска со системските слабости во законската регулатива, односно поради недореченост во одредени закони, општините немаат увид во целосноста и точноста во остварувањето на одредени приходи и тоа за:

- комуналната такса за користење на патишта со моторни возила, не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините, општините во Град Скопје и градот Скопје;
- комуналната такса за користење и одржување јавно осветлување не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ;
- општината нема информации за висината на средствата што треба да се уплатат во буџетот на општината по основ приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата утврдено со Законот за земјоделско земјиште;
- општината располага со податоци за склучените договорите за концесија за експлоатација на минералните суровини и врши увид на уплатените средства од концесиските надоместоци, но нема можност да ја потврди нивната целосност и точност и
- законската обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија.

Од страна на градоначалникот на Општина Пробиштип добиена е една забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, за сметката на основен буџет (630), и истата претставува известување за причината поради која е настаната утврдената состојба.

# 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 13 и 14 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (630), за 2020 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2011 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (630) во кој е изразено позитивно мислење во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Драган Анастасов, градоначалник од 19.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на

ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки .

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13.12.2021 до 01.03.2022 година, кај Општина Пробиштип, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија за 2011 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (630), во кој е изразено позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва во делот за усогласеност со закони и прописи.

Во февруари 2013 година, извршена е проверка на имплементацијата на дадените препораки презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2011 година на сметката на основен буџет (630) на Општина Пробиштип, при што е констатирано дека од четири препораки две се спроведени, една е делумно спроведена, а една не е спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот предмет на ревизија на ден 01.03.2022 година.

На ден 28.04.2022 година, од градоначалникот на Општина Пробиштип добиена е една забелешка на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип број 08-471/2 од 21.04.2022 година, за сметката на основен буџет (630), заведена во Државниот завод за ревизија под број 16-839/6 од 28.04.2022 година. Забелешката се однесува на точката 4.1.1. и претставува известување за причината поради која е настаната утврдената состојба.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Општина Пробиштип со буџетот за 2020 година има планирано приходи и расходи во износ од 197.573 илјади денари.

При планирање на буџетот за 2020 година, општината ги има испочитувано ограничувањата при планирањето на сопствените приходи, односно сопствените приходи на основниот буџет на општината да се планираат со пораст од најмногу

30% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција[1].

Заклучно со 31.12.2020 година, во буџетот на општината остварени се приходи во износ од 95.245 илјади денари и расходи во износ од 92.196 илјади денари, што претставува 48,21% од планираните приходи, а 46,66% од планираните расходи.




Значителното отстапување на остварените приходи во однос на планираните се забележува кај капиталните приходи (остварени се 28,31%) и трансферите од други нивоа на власт (остварени се 42,82%).

Од табелата подолу, најзначително отстапување бележат капиталните расходи (остварени се 20,03%) и расходите за стоки и услуги остварени со 59,19%.




Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се остваруваат во планираниот обем, градоначалникот му предлага на советот измени и дополнувања на буџетот.

Со извршениот ребаланс на буџетот за 2020 година не се надминати состојбите на неусогласеност на планираните и реализирани приходи и расходи. Нереалното планирање е констатирано и во донесените Програми за одделни дејности кои се во надлежност на општината, а кои и покрај необезбедените буџетски средства

[1] „Службен весник на РМ“ бр. 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, бр.53/21 и 77/21

не се изменети, односно не е намален обемот на планираните активности, што овозможува преземање на обврски за кои реално не се обезбедени средства во буџетот.

Препорака:

Градоначалникот да ги преземе следниве мерки и активности:

- планирањето на буџетските приходи и расходи за фискалната година да се заснова на реална проценка на приходите, согласно дадените насоки во буџетскиот циркулар од Министерството за финансии;
- во текот на годината да се следи извршувањето на буџетот и доколку има позначителни отстапувања во остварувањето на проекциите да се пристапи кон соодветни измени и дополнувања на буџетот (ребаланс) со цел нивно усогласување и
- надлежните служби да пристапат кон соодветни измени на буџетските програми согласно обезбедените буџетски средства.

4.1.2. За користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, Општина Пробиштип нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2020 година до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот, Министерството за транспорт и врски, што не е во согласност со членот 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

Непочитувањето на законската одредба, влијае врз транспарентноста и отчетноста за користењето на овие средства за донесување на урбанистичка планска документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите.

Препорака:

Надлежните лица во општината, за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, секоја година да изготвуваат и доставуваат Годишен извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

## 4.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1. Со ревизија на состојбите на ненаплатени побарувања по основ на данок на имот и комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија, утврдиме неусогласеност помеѓу искажаните побарувања на 31.12.2020 година во сметководствената евиденција и Билансот на состојба како составен дел на

финансиските извештаи за 2020 година со состојбите од даночната евиденција во даночното одделение и тоа:

- Побарувањата за данок на имот од физички и правни лица во сметководствената евиденција и Билансот на состојба на 31.12.2020 година се искажани во износ од 1.090 илјади денари, а во даночната евиденција на даночното одделение во износ од 6.000 илјади денари или помалку за износ од 4.910 илјади денари и
- Побарувањата за комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија од правни лица и самостојни вршители на дејност, во сметководствената евиденција и Билансот на состојба на 31.12.2020 година се искажани во износ од 2.718 илјади денари, а во евиденцијата на даночното одделение во износ од 1.308 илјади денари или повеќе за износ од 1.410 илјади денари.

Наведените состојби се резултат на неизвршеното усогласување на сметководствената со даночната евиденција на крајот на годината, што не е во согласност со член 2 став 1, член 7 став 2 и член 12 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и создава ризик за нереално искажување на состојбата на побарувањата во сметководствената евиденција и во Билансот на состојба.

Во текот на ревизијата, од страна на одговорните лица во општината извршено е усогласување на состојбите по горе наведените основи за 2021 година.

Препорака:

Одговорните лица во општината, да ги продолжат започнатите активности за редовно усогласување на сметководствената со даночната евиденција, за побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија.

4.2.2. Од извршениот увид на начинот на евидентирање на побарувањата по основ на надоместокот за легализација на бесправно изградените објекти и наплатата на истиот, ревизијата констатира дека во сметководството не се води евиденција на побарувањата по овој основ, туку само се евидентира приход од наплатата. За склучените договори за плаќање на надоместокот на рати не се евидентира побарување од субјектите/физички лица со кој е склучен договорот. Поради тоа се јавува состојба на неплатени рати по истите, иако рокот за плаќање е поминат, а надлежните од општината немаат преземено мерки за наплата.

Не евидентирањето на побарувањата не е во согласност со одредбите од членот 4 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереална состојба на побарувањата, помалку остварени приходи, а влијае врз можноста за реално планирање на приходите во буџетот.

Препорака:
Градоначалникот да преземе мерки и активности, врз основа на склучените договори за плаќање на рати да се евидентираат побарувања за надоместок за легализација на бесправно изградените објекти и да се следи наплатата на истите.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1. и 4.2. се однесуваат на слабости при планирањето и реализирањето на буџетот на општината, не изготвување и доставување Годишен извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од обласга на уредувањето на просторот, неусогласена состојба на побарувањата по основ на данок на имот и комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија, во сметководствената и даночната евиденција и неевидентирање на побарувања по основ на надоместок за легализација на бесправно изградени објекти.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (630), на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точка 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Пробиштип, сметка на основен буџет (630), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Обрнуваме внимание дека Општина Пробиштип во 2020 година е тужена странка од две правни лица за износ од 11.587 илјади денари и единаесет физички лица за износ од 301 илјада денари.

Општина Пробиштип се јавува како тужител на едно физичко лице за износ од 135 илјади денари.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови, а до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност за финансиските импликации врз буџетот на општината.

## 7. Останати прашања

Државниот завод за ревизија во своите годишни извештаи во повеќе наврати ги обелоденуваше системските слабости кој имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локалната самоуправа. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

### Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата

7.1. Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за општините, општините во градот Скопје и за градот Скопје. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општините и градот, да известуваат за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.

Со постојните законски одредби не е воспоставен систем кој би обезбедил точни податоци на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да извршат увид во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

### Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување

7.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши

трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци, трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

**Приходи од давање на земјоделското земјиште во државна сопственост на користење по пат на закуп и плодоуживање**

7.3. Согласно член 33 од Законот за земјоделско земјиште, од страна на Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, земјоделското земјиште во државна сопственост може да се даде на користење по пат на закуп и плодоуживање. Средствата од закупнината на земјоделското земјиште во државна сопственост се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорска

сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во сооднос 50% за Буџетот на РСМ и 50% за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во зависност од местоположбата на земјоделското земјиште кое е предмет на давање под закуп. Согласно законското решение, општината нема сознание за висината на средствата што треба да се уплатат, ниту пак МЗШВ има законска обврска склучените договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственот да ги доставува до општините за земјиштето што се наоѓа на нивната територија.

## Надоместок по основ на концесии

7.4. Согласно член 76 од Законот за минерални суровини, концесионерот кој врши детални геолошки истражувања на минерални суровини плаќа еднократен надоместок за користење на просторот, а во зависност од видот на минералната суровина определен во концесијата, односно дозволата за вршење на детални геолошки истражувања.

Концесионерот кој што врши експлоатација на минерални суровини е должен да плаќа: годишен надоместок за користење на просторот и надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесијата.

Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, донесува Тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи за концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, а во зависност од видот, количината, квалитетот и начинот на преработка на минералната суровина.

Средствата се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка и се 22% приход на Буџетот на РСМ и 78% приход на буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.

И покрај тоа што, општината располага со податоци за склучените договори за концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини и има увид на уплатените средства на сметката на буџетот на општината, нема можност да се увери во целосноста на приходите кои се уплатени на нивната сметка по овој основ.

## Регистар на недвижен имот и Регистар на подвижен имот

7.5. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до

Централниот регистар на Република Северна Македонија и до УЈП – Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во РСМ со податоците од Геодетско - катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во градот и општините во РСМ, даночните обврзници се евидентирани по матичен број и други лични податоци, а во Геодетско - катастарскиот информациски систем на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина (КО) и катастарска парцела (КП).

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатабилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Централен регистар на Република Северна Македонија, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на Република Северна Македонија).

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

**Сметка на основен буџет (630)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 28.844 | 29.177 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 15.757 | 3.132 |
| Капитални приходи | 3.3. | 20.144 | 29.631 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 30.500 | 102.753 |
| **Вкупно приходи** | | **95.245** | **164.693** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.5.1. | 24.774 | 23.972 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 0 | 15 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 25.366 | 33.585 |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 432 | 168 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 5.340 | 46.676 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 555 | 495 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **56.467** | **104.911** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.6. | 18.734 | 54.549 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **18.734** | **54.549** |
| **Отплата на главнина** | 3.7. | **16.995** | **2.823** |
| **Вкупно расходи** | | **92.196** | **162.283** |
| **Остварен вишок на приходи за пренос во наредна година** | | **3.049** | **2.410** |

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

**Сметка на основен буџет (630)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКРМВРИ**

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образло жение** | **2020** | | **2019** |
|---|---|---|---|---|
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3.049 | | 2.410 |
| Побарувања | 4.1.2. | 5.615 | | 12.383 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8.664** | | **14.793** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **8.664** | | **14.793** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 8.664 | | 14.793 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **8.664** | | **14.793** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **8.664** | | **14.793** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-471/2
21.04.2022 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*ул.Јаким Стојковски бр 1*
*Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47*

***www.probistip.gov.mk***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 28.04.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| | 16-839/6 | | |

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул„Павел Шатев„ бр.2
Палата „Емануел Чучков„
1000 СКОПЈЕ

**Предмет:**Доставување на забелешки по Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на Општина Пробиштип

Почитувани,

На ден 08.04.2022 година ги добивме Вашите нацрт извештаите за сметките на основниот буџет(630),основен буџет(637), сметка на приходи на буџет на дотации (930) и сметка на приходи на буџет на дотации (937) заведени под број 16-839/5 од 05.04.2022 година.Ние внимателно ги разгледавме и по однос на наодите го истакнуваме следново:
Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усагласеност за 2020 за сметката на расходи на **буџет на дотации (937)** и сметка на приходи на **буџетот на дотации (930)** се во потполност прифакат.

По основ на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усагласеност за 2020 за сметката на **основен буџет (637)** имаме забелешка само по наодот под точка **4.1.3.** кој се однесува за исплатата на надоместокот на советниците во Советот на Општината. Имено кај Вас стои дека надоместокот се исплака согласно Одлука бр.07-489/4 од 30.04.2010 година и дека во одлуката стои дека „ месечниот надоместок се намалува за 10% за секое неоправдано отсуство од седница„ а не како што е во законот 30%. Во прилог ке Ви ја доставиме одлуката од која се гледа дека во член 4 стои дека месичниот надоместок се намалува за 10% во случај на неоправдано присуство од седница на Комисија при советот,а дека за отсуство од седница на Совет се намалува за 30% месечниот надоместок согласно законската регулатива. Ваква одлука за намалување на месечниот надоместок за неприсуство на комисија се има донесено заради постојаното немање на кворум на комисиите и со цел да се избегнат ваквите ситуации се има донесено одлука и за намалување на месечниот надоместок и за неоправдано присуство на комисија при Советот.Затоа сметаме дека овој наод не е основан и треба да се повлече.
Во врска со овој наод Раководителот на финансиски прашања го истакнува само случајот со еден советник за седница бр. 34/2020 одржана на ден 16.03.2020 година

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*ул.Јаким Стојковски бр 1*
*Тел:* ***032 48 31 31****; факс:* ***032 48 30 47***

***www.probistip.gov.mk***

кога и е исплатен месечен надоместок која е била отсутна заради почнување на пандемијата Ковид 19 а сеуште небило воведено он-лајн учество и немало процедури за постапка во вакви случаеви бидејки беше на почеток на пандемијата и се сметало дека е оправдано отсутна и дека за тоа треба да и се исплати надоместок што го има одобрено Претседателот на Советот на оптината ,а и е одбиено 10% за неприсуство на комисија.

Исто така сакаме да Ве известеме за наодот **4.2.3.** кој се однесува за воспоставената евиденција за примање и издавање на резервните делови за уличното осветлување од магацин,дека се согласуваме дека треба да се води во сметководството ,мегутоа кога се воведуваше водење на материјална евиденција заради недостаток на кадар во финансии се одлучи да се воде во Одделението за комунали ,улици и локални патишта и тоа лицето кое е одговорно за потпишување на налозите за работа на двајцата вработени кои се грижат за одржување на уличното осветлување и истовремено и тие го должат магацинот.Ваква одлука се има донесено со цел лицето кое го издава налогот за работа да може во секое време да има увид во расположливите резервни делови и да врше навреме набавки на потребните резервни делови.

По основ на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усагласеност за 2020 година за сметката на **основен буџет (630)** сакаме само да Ве известеме за наодот број **4.1.1.** во кој констатирате дека нема извршено усогласдување на буџетот за 2020 година на остварените приходи и расходи со планираните со ребаланс на Буџетот ,кој наод го прифакаме мегутоа сакаме да Ве известеме дека ваквата состојба настана заради тоа што ни беа најавени прилив на средства од Агенцијата за финансиска подршка на земјоделство и рурален развој на износ 7.410.662 ден.но беа легнати на сметка дури на 28.12.2020 година кога веке трезорот престана да работи и неможевме да го реализираме плакањето.
Инаку сите други наоди и препораки кои се изнесени во Вашите Нацрт извештаи ги прифакаме и ке превземеме активности за исполнување на препораките.

Со почит,

Изработил:
*Билјана Ефтимова*

*Општина Пробиштип*
*Градоначалник*
*Драган Анастасов*

Република Северна Македонија ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2 ПРОБИШТИП

Врз основа на член 45 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) и членот 1 од Законот за изменување и дополнување на законот за плата и другите надоместоци на избраните и именуваните лица во Република Македонија ( Службен Весник на РМ бр.42/2010), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 30.04.2010 година ја донесе следната:

## *О Д Л У К А*
## *за определување на надоместокот на членовите на Советот на општина Пробиштип за присуство на седници*
## *(Пречистен текст)*

### Член 1

На членовите на советот на Советот, на општина Пробиштип им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 од овој член се обезбедуваат од Буџетот на општината.

### Член 2

Месечниот надоместок за присуство на седници на Советот се утврдува во висина од 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година.

Во утврдениот износ од претходниот став е пресметан и надоместокот за присуство на седниците на Комисиите при Советот на општината.

Во утврдениот надоместок не е пресметан персонален данок кој ќе падне на товар на општината.

### Член 3

На претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот, надоместокот од член 2 од оваа Одлука се зголемува за 30%.

### Член 4

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седницата на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

Месечниот надоместок се намалува по 10% за секое неоправдано отсуство од седница на Комисија.

Член 5

На членовите на Советот им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 6

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип, а ќе се применува со исплата на надоместок за месец април.

*Број 07-489/ 4*
*30.04.2010 година*
*ПРОБИШТИП*

*СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП*
*ПРЕТСЕДАТЕЛ*
*Ранко Давитков*

# ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ
# ЗА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП БР.34/2020

Одржана на ден 16.03.2020 година со почеток во 15.00 часот

| Реден број | Име и презиме на членот на Советот на општина Пробиштип | Потпис на почеток на седница | Потпис на крај на седница |
|---|---|---|---|
| 1. | Љупчо Благоевски | | |
| 2. | Ристе Атанасов | | |
| 3. | Светлана Станојковска | | |
| 4. | Тони Стојановски | | |
| 5. | Оливер Андовски | | |
| 6. | Сандра Мијалковска | | |
| 7. | Симона Јованова | | |
| 8. | Влатко Јордановски | | |
| 9. | Дарко Герасимовски | | |
| 10. | Билјана Миленковска | | |
| 11. | Горан Пановски | | |
| 12. | Ана Јаневска | | |
| 13. | Лидија Аксентиева | оправдано | |
| 14. | Сашо Андовски | | |
| 15. | Давор Тоневски | | |

Евиденцијата ја водел:

____________________

# Аконтативна пресметка

## Податоци за подносител

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на поднесување | 19.06.2020 | Број на пресметка | 190620670276 |
| ЕДБ/ЕМБГ | 4022005104678 | Име/Презиме | ОПШТИНА ПРОБИШТИП |
| Контакт име | ОПШТИНА ПРОБИШТИП | Контакт | draganjovcevski@yahoo.com |
| Од датум | 19.06.2020 | До датум | 19.06.2020 |
| Датум на плаќање(последен датум на плаќање) | | | |

## Обврзници - податоци за исплатите

| ЕМБГ | Име и Презиме | Трансакциска сметка | Вид приход | Подвид приход | Бруто/Остварен приход | Одбитоци | ПДД | Нето приход | Аванс | ДДВ износ | Начин на исплата | Забелешка на исплатувачот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0503965499018 | ЛИДИЈА АКСЕНТИЕВА | 200003239512969 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 12.863,00 | 0,00 | 1.286,00 | 11.577,00 | | | Трансакциска см. | |
| 2601970494015 | ЛУПЧО БЛАГОЕВСКИ | 200001410514337 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 18.581,00 | 0,00 | 1.858,00 | 16.723,00 | | | Трансакциска см. | |
| 2008983490032 | РИСТЕ АТАНАСОВ | 210501697815978 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см. | |
| 1212969439027 | СВЕТЛАНА СТАНОЈКОВСКА | 200002615116985 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см | |
| 2301961494009 | ТОНИ СТОЈАНОВСКИ | 270700039637447 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см. | |
| 1408990490026 | ОЛИВЕР АНДОВСКИ | 200001983350068 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 12.863,00 | 0,00 | 1.286,00 | 11.577,00 | | | Трансакциска см. | |
| 0406988495014 | САНДРА МИЈАЛКОВСКА | 320500023388330 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см. | |
| 1712982495001 | СИМОНА ЈОВАНОВА | 320500026272722 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см. | |
| 0505979494003 | ВЛАТКО ЈОРДАНОВСКИ | 210501621733931 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см. | |
| 3108985494009 | ДАРКО ГЕРАСИМОВСКИ | 200001915005905 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см. | |
| 2402984499009 | БИЉАНА МИЛЕНКОВСКА | 200002228831266 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см. | |
| 1002975494000 | ГОРАН ПАНОВСКИ | 200001476043657 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см. | |
| 0509991455086 | АНА ЈАНЕВСКА | 320500025827880 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | Трансакциска см. | |
| 0911982490009 | ДАВОР ТОНЕВСКИ | 200001807506528 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 12.863,00 | 0,00 | 1.286,00 | 11.577,00 | | | Трансакциска см. | |
| 0412980494000 | САШО АНДОВСКИ | 210501624721240 | Т1. Доход од работа | S1.11. Примања на фукционери, пратеници, | 14.292,00 | 0,00 | 1.429,00 | 12.863,00 | | | | |

Прилог бр.1

# Одговор
# на забелешки на
# Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

На ден 28.04.2022 година добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Пробиштип број 08-471/2 од 21.04.2022 година, од раководното лице Драган Анастасов–градоначалник на Општина Пробиштип, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-839/6 од 28.04.2022 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

## Сметка на основен буџет (630)

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** која се однесува на неусогласеност на планираните и реализирани приходи и расходи со извршениот ребаланс на буџетот за 2020 година, претставува **известување** за причината поради која не е извршено усогласување на буџетот и воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата.

## Сметка на основен буџет (637)

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.3.** која се однесува на исплата на надоместок на советниците за присуство на седница на советот **делумно се прифаќа**, поради допрецизирање на формулацијата „месечниот надоместок се намалува за 10% за секое неоправдано отсуство на седница". При тоа, останува состојбата дека ваквата одредба во Одлуката за определување на надоместокот на членовите на Советот на Општина Пробиштип за присуство на седници со број 07-489/4 од 30.04.2010 година, не е во согласност со Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на РСМ и другите избрани и именувани лица во Републиката, со кој се уредени надоместоците на членовите на советите на општините и предвидува месечниот надоместок за присуство на седниците на советот да се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот. Во однос на повеќе исплатениот надоместок за отсуство од седница се објаснуваат причините за таквото постапување, што воедно претставува потврда на утврдената состојба од страна на ревизијата.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.3.** која се однесува на воспоставената евиденција за примање и издавање на резервни делови за улично осветлување од магацин, претставува **известување** за причините кои довеле до отсуство на сметководствена евиденција на овие материјали, односно до состојбата која овластениот државен ревизор ја има утврдено во наведената точка.